РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 04-3152/16
30.06 2026 год
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на чл.52 ст.1 од Законот за административни службеници службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/2022 и 208/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка ја донесе следната:

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРВОРАНГИРАН КАНДИДАТ

1.По интерниот оглас број 02/2026 година објавен на ден 19.06.2026 година за пополнување на работно место со унапредување за работното место реден број 1. Советник за грантови и преводи на проекти од областа на евроинтеграциите, ниво В1, шифра УПР 01 01 В01 000 во Одделение за локален економски развој и евроинтеграции при Сектор за локален економски развој и финансиски прашања во Општина Крива Паланка, 1(еден) извршител, на неопределно време, се избира :

**МИЛЕНА МАЗАКОВСКА** со адреса на живеење на улица "Прохор Пчињски" бр.21, Крива Паланка.

2. Административниот службеник ќе биде унапреден по завршување на постапката за избор, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе Решение за унапредување.

3. Оваа одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

На ден 19.06.2026 година истовремено на интернет страницата на Општина Крива Паланка и на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас број 02/2026 за пополнување на работно место со унапредување со реден број 1. Советник за грантови и преводи на проекти од областа на евроинтеграциите, ниво В1, шифра УПР 01 01 В01 000 во Одделение за локален економски развој и евроинтеграции при Сектор за локален економски развој и финансиски прашања во Општина Крива Паланка, 1(еден) извршител, на неопределно време

На интерниот оглас за наведеното работно место во законски опредлениот рок се пријави кандидатот Милена Мазаковска од Крива Паланка со поднесување на пополнета пријава број 04-3152/8 од 22.06.2026 година со прилог докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Крива Паланка до Одделението за човечки ресурси, како и до службената електронска адреса на Општина Крива Паланка.

Со Решение на Градоначалникот на Општина Крива Паланка број 04-3152/11 од 25.06.2026 година е формирана Комисија за селекција за унапредување.

Од страна на одделението за човечки ресурси на Комисијата со дописот доставa на документи бр.04-3152/12 од 30.06.2026 се предаде затворено плико со пријавата за унапредување и доставените докази, како и изводот од персоналното досие на пријавениот кандидат.

Комисијата направи административна селекција со цел проверка дали кандидатот ги исполнува условите за унапредување и изврши бодирање на кандидатот за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-3152/13 од 30.06.2026 година.

Од страна на Комисијата се спроведе интервију и се состави записник бр.04-3152/14 од 30.06.2026 година.



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

Комисијата состави допис број 04-3152/15 од 30.06.2026 година и до Градоначалникот ја достави финалната ранг листа на интервјуираните кандидати врз основа на бодовите од административната селекција, бодовите од интервјуто и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за работното место под реден број 1. Советник за грантови и преводи на проекти од областа на евроинтеграциите, ниво В1, шифра УПР 01 01 В01 000 во Одделение за локален економски развој и евроинтеграции при Сектор за локален економски развој и финансиски прашања во Општина Крива Паланка, 1(еден) извршител, на неопределено време

Градоначалникот на Општина Крива Паланка во рок од три дена по добивање на предлогот донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

Да се достави до:
- избраниот кандидат
- одделение за човечки ресурси
- архива на општина Крива Паланка
- да се објави на интернет страна на Општината

Одделение за човечки ресурси
Изготвил:Советник, В.Димитровска
В. Димитровска
Одобрил:Раководител, Игор Додевски

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА